СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2018 ГОДИНА

Скопје, април 2019 година

Содржина:

Финансиски Показатели 1
Економско Опкружување 2
Основни Макроекономски Индикатори 4
Преглед на Активностите во 2018 година 5
Финансиско Работење 5
Средства и Обврски 8
Банкарство на Мало 9
Корпоративно Банкарство 12
Управување со Ризици 12
Управување со Кредитен Ризик 12
Управување со Ликвидносен Ризик 12
Управување со Ризикот од Промена на Каматни Стапки 12
Управување со Валутен Ризик 12
Управување со Оперативен Ризик 19
Адекватност на Капиралот, Интерен процес на оценка на адекватност на капиталот и Стрес Тест 21
Активности за усогласеност со прописите, спречување на перење пари и борба против финансирање на тероризмот 22
Заштита на Лични Податоци 23
Извештај за Корпоративното Управување во 2018 година 24

во милиони евра	**2017**	**2018**	**промена %**
Индикатори на Билансот на успех			
Нето приходи од камати	59,8	62,2	4,0%
Нето приходи од провизии	16,0	16,3	1,9%
Вкупни приходи	85,4	89,4	4,7%
Оперативни трошоци	-32,1	-32,8	2,2%
Трошоци за вработени	-13,0	-14,1	8,5%
Нето оперативни приходи	53,3	56,6	6,2%
Исправка на вредност	-14,3	-8,6	-39,9%
Добивка пред оданочување	37,1	49,9	34,5%
Нето добивка	**33,2**	**44,7**	**34,6%**

Индикатори на Билансот на состојба	**2017**	**2018**	**промена %**
Вкупна актива	**1.404,3**	**1.472,3**	**4,8%**
Вкупен каппитал	**221,7**	**210,3**	**-5,1%**
Регулаторен капитал	171,7	194,8	13,5%
Кредити на клиенти (нето)	986,4	1.035,3	5,0%
Вкупни кредити (бруто)	**1.044,6**	**1.087,0**	**4,1%**
Кредити на население	685,3	733,9	7,1%
Корпоративни кредити	359,3	353,1	-1,7%
Резервации	58,1	51,8	-10,8%
Вкупни депозити	**1.152,7**	**1.235,9**	**7,2%**
Депозити на население	900,2	968,0	7,5%
Корпоративни депозити	252,5	267,9	6,1%

Финансиски коефициенти	**2017**	**2018**	**промена (bp)**
Нето каматна маргина	4,8%	4,9%	18,3
Коефициент на расходи / приходи	37,6%	36,7%	-89,9
Поврат на средства - ROA	2,4%	3,1%	74,1
Поврат на капитал - ROE	14,9%	20,7%	574,6
Коефициент на кредити / депозити (бруто)	90,6%	88,0%	-267,0
Коефициент на адекватност на капиталот	15,42%	16,28%	86,0

Оперативни индикатори	**2017**	**2018**	**промена**
Број на филијали	66	65	-1
Број на вработени (крај на период)	1047	1027	-20

Забелешка: Сите податоци во овој Извештај што се однесуваат на Стопанска банка АД - Скопје се врз основа на финансиските извештаи изготвени во согласност со сметководствените прописи кои се применуваат во земјата и регулативата на НБРСМ

Економско опкружување

По стагнацијата на домашната економија во 2017 година, 2018 донесе оживување на реформите следствено на обновената политичка стабилност, што резултираше со враќање на довербата и постепено закрепнување на економската активност. Скромниот раст се очекува да се засили во текот на 2019 година под претпоставки за стабилен политички контекст и поволно надворешно опкружување. Финансискиот систем останува стабилен и продолжува да биде силна поддршка за економијата во целина.



По застојот во 2017 година, реалниот БДП забележа умерен раст од 2,7% во 2018 година. Приватната потрошувачка и робусниот раст на извозот, поттикнати од солидната странска побарувачка и заживеаниот сектор на металната индустрија, беа главните поддржувачи на економскиот раст. Сепак, намалувањето на инвестициите продолжи поради одложување на големите инфраструктурни проекти, опаѓање на градежништвото и натамошните неизвесности. Домашната побарувачка заедно со засилените инвестиции се очекува да го придвижат растот на БДП над 3% во 2019 година.



Во услови на негативен производен јаз, индексот на трошоци на живот во 2018 година се зголеми за 1,5%, најмногу одразувајќи ги растечките цени на нафтата на странските пазари. Во следниот период се очекува умерено зголемување на инфлацијата до нивото од 2% како резултат на зајакнувањето на домашната побарувачка и оптимизмот за почеток на преговори за членство во ЕУ и прием во НАТО.



Буџетскиот дефицит во 2018 година се намали на 1,8% од БДП што произлегува од остварувањето на солидни приходи како и потфрлањето на капиталните расходи за големите инфраструктурни проекти. **Јавниот долг** на крајот на годината изнесуваше 48,5% од БДП, поткрепен со подобрена рочна структура, т.е. зголемено потпирање на долгорочното задолжување. Притоа, треба да се спомене дека на 11 Јануари 2018 година, Република Северна Македонија успешно ја издаде шестата еврообврзница со историски најниска каматна стапка од 2,75%, во износ од 500 милиони евра и рок на достасување од 7 години. Негативна забелешка е дека речиси три четвртини од јавниот долг се деноминирани во

девизи. Како и да е, постепена фискална консолидација е започната, со неопходност да се истрае во реформите.

Надворешната позиција во 2018 година може да се оцени како поволна. Зголемениот извоз и приватни трансфери придонесоа за натамошно намалување на дефицитот на тековната сметка до нивото од 0,3% од БДП. Во однос на финансиската сметка, странските директни инвестиции пораснаа за повеќе од три пати споредено со 2017 година, достигнувајќи историски највисоки 624,5 милиони евра. Дополнително, соодветното ниво на бруто девизните резерви (четиримесечна покриеност на увозот) овозможи доволна амортизација на потенцијални непредвидени шокови.



Прилагодливата монетарна политика во текот на целата 2018 година функционираше во услови на поволен девизен пазар, умерено негативен производен јаз, силен депозитен раст и ниска инфлација. Во такво опкружување, НБРСМ ја намали референтната каматна стапка во три наврати, доведувајќи ја до нивото од 2,5% на крајот од годината. Олабавувањето на монетерната политика, заедно со зголемената побарувачка од домаќинствата, го поддржа кредитниот раст кај приватниот сектор.



Банкарскиот сектор во 2018 година остана солидно капитализиран, ликвиден и профитабилен. Банките целосно ги задоволуваат барањата за адекватност на капиталот од Pillar I и одржуваат агрегатни ликвидносни и капитални бафери. Кредитните ризици се под контрола како резултат на соодветното ниво на резервации. На крајот од годината, вкупниот депозитен раст достигна 10,5% на годишно ниво, споредено со 5,4% минатата година. Притоа, депозитите на население и компании пораснаа истовремено за 9,5%. Кредитниот раст на крајот на 2018 година изнесуваше 7,3% споредено со 5,7% во 2017. Кредитите на население пораснаа за 10,3%, додека корпоративните кредити беа повисоки за 4,5%. Нефункционалните кредити продолжија со надолниот тренд достигнувајќи 5,2%. Во такви услови, коефициентот на кредити во однос на депозити беше 85,9%. Адекватноста на капиталот на 31.12.2018 достигна 16,5%. Дополнително,



коефициентите на профитабилност ROA и ROE се зголемија до нивото од 1,7% и 16% соодветно. Сè на сè, банкарскиот систем продолжува да биде здрав, но секако ризиците треба да бидат под постојано следење. Дополнителните напори за постепено зголемување на денаризацијата на депозитите, заедно со внимателно калибрирани макропрудентни мерки за намалување на кредитирањето во странска валута на домаќинствата, ќе помогнат да се зајакне отпорноста на финансискиот систем.

Основни макроекономски индикатори

	2013	2014	2015	2016	2017	2018
Производство						
Бруто Домашен Производ (реална стапка на раст)	2,9	3,6	3,9	2,8	0,2	2,7
Индустриско производство (годишна стапка на раст)	3,2	4,8	4,9	3,4	0,2	5,4
Цени, плати и продуктивност						
Индекс на трошоци на живот (годишен просек)	2,8	-0,3	-0,3	-0,2	1,4	1,5
Индекс на трошоци на живот (крај на година)	1,4	-0,5	-0,3	-0,2	2,4	0,9
Индекс на цени на производители (годишен просек)	0,4	-1,2	-3,9	-0,1	0,5	-0,3
Индекс на цени на производители (крај на година)	-2,1	-3,8	-0,8	-0,6	1,4	-0,8
Реални плати (годишна стапка на раст)	-1,6	1,5	2,7	2,2	1,2	4,4
Статистика на владини финансии						
Буџетско салдо (% од БДП)	-3,8	-4,2	-3,5	-2,7	-2,7	-1,8
Надворешен сектор						
Биланс на тековна сметка (% од БДП)	-1,6	-0,5	-2,0	-2,7	-1,3	-0,3
Извоз на стоки и услуги (во милиони евра)	3.530	4.088	4.425	4.919	5.513	6.446
Увоз на стоки и услуги (во милиони евра)	5.018	5.560	5.899	6.391	6.924	7.825
Извоз на стоки и услуги (стапка на раст)	4,6	15,8	8,2	11,2	12,1	16,9
Увоз на стоки и услуги (стапка на раст)	-1,1	10,8	6,1	8,4	8,3	13,0
Бруто надворешен долг (во милиони евра)	5.220	5.992	6.291	7.217	7.372	7.908
Девизни резерви (во милиони евра)	1.993	2.436	2.262	2.613	2.336	2.867
Курс МКД / ЕУР (просек)	61,57	61,63	61,6	61,6	61,6	61,51
Монетарни агрегати						
M1 стапка на раст (дек. / дек.)	6,2	22,2	18,4	9,9	10,7	18,7
M2 стапка на раст (дек. / дек.)	0,2	7,2	7,6	6,1	4,1	11,8
M2 денари стапка на раст (дек. / дек.)	2,9	12,3	8,5	5,2	5,4	14,5
M4 стапка на раст (дек. / дек.)	5,3	10,5	6,8	6,1	5,3	11,8
M4 денари стапка на раст (дек. / дек.)	8,7	15,3	7,2	5,0	6,4	14,0
Кредити на приватен сектор	6,4	10,0	9,5	1,0	5,7	7,3
Каматни стапки						
Пазар на пари (годишен просек)	2,01	1,85	1,12	1,14	1,10	1,07
Благајнички записи (годишен просек)	3,38	3,25	3,25	3,73	3,30	2,92
Пазар на пари (крај на период)	2,17	1,46	1,20	1,04	1,10	1,09
Благајнички записи (крај на период)	3,25	3,25	3,25	3,75	3,25	2,50
Пазар на капитал						
Индекс на Македонска Берза - МБИ (стапка на раст на крај на година)	0,4	6,1	-0,6	16,5	18,9	36,6

Извори: Министерство за финансии, Државен завод за статистика, Народна Банка на РСМ

Преглед на активностите во 2018 година

Финансиско работење

Имплементацијата на стратегијата на Банката продолжи со позитивен моментум во текот на 2018 година, поттикната од значителното подобрување во клучните стратешки области во фокус: диверсификација, изворите на финансирање, оперативната ефикасност и ефикасното управување со трошоците поддржано со зајакнување на човечкиот капитал, информатичката технологија и управувачката инфраструктура. Рационалната експанзија на кредитното портфолио, следена со ефикасното управување со изворите на финансирање и оперативната ефикасност, во комбинација со прудентното управување со ризиците обезбедија стабилност и солидност на Банката, кои финално ја обезбедија профитабилност на СБ.

Во тековното економско опкружување и предизвикувачките пазарни услови, СБ повторно успеа да постигне импресивни резултати, тестирајќи го новиот праг, што повторно зборува за отпорноста на нејзиниот бизнис модел и успешното управување со сите деловни аспекти во работењето, во вообичаени и во вонредни економски услови. Нејзиното моќно бренд-име остана симбол на извонредна услуга, доверба и сигурност. Така, на крајот од годината, Банката оствари профит пред оданочување од ЕУР 49,9 милиони, што е за 34,5% над истиот индикатор за 2017 година. Една од причините со значително влијание врз ова зголемување се должи на ефектот на разрешувањето на статусот на должникот Фени Кавадарци, кој се соочи со на влошување во работењето во текот на 2017 година, поради што СБ требаше да издвои значителен износ на резервации. За разрешување на овој случај, СБ склучи договор за продажба на неговите побарувања, кој што се реализираше во март 2018 година, по што издвоената резервација во 2017 година беше ослободена.

Анализирајќи ги перформансите во другите сегменти, може да се забележи подобрување во делот на нето каматоносната маргина, нето провизиите и надоместоците и другите оперативни приходи. Понатаму, Банката беше фокусирана на континуирачкиот процес на рационализација на оперативните трошоци, што може да се забележи и годинава, односно оперативните трошоци се намалија за 2,2% споредено со претходната година.

Вкупните средства на Банката достигнаа ниво од ЕУР 1.472,3 милиони; повратот на средства (RoA) изнесуваше 3,1%, додека повратот на капитал (RoE) достигна 20,7%, високо над просекот во банкарскиот сектор, што покажува дека банката има сопствени растечки потенцијали за бизнисот и стабилен поврат за акционерите. Со силната капитална основа , кој обезбеди коефициент на адекватност на капиталот од 16,3%, СБ потврди дека е еден од финансиските партнери со најголема доверба во земјата.

Приходи од камати

Во текот на 2018 година, приходите од камати од кредитите на население изнесуваа ЕУР 49,4 милиони и имаа најголемо учество во вкупните приходи од камати со 67,4%. Во исто време, приходите од корпоративните и другите активности изнесуваа ЕУР 24,0 милиони, односно незначително се намалија за 1,2% споредено со претходната година. Во услови на постојан тренд на намалување на каматните стапки, вкупните приходи од камати изнесуваа ЕУР 73,3 милиони.

во ЕУР милиони

	2017	**2018**	**% промена**
Приходи од камати	**72,1**	**73,3**	**1,7%**
Кредити на физички лица	47,8	49,4	3,3%
Кредити на правни лица	16,4	14,8	-9,8%
Останато	7,9	9,2	16,5%

Расходи по камати

Расходите по камати на Банката се намалија за 9,8% споредено со 2017 година. Тоа е особено случај кај расходите по камати поврзани со депозитите на население, кои забележаа годишен пад од 9,3%, додека расходите по камати за корпоративните депозити се намалија за 23,1%.

во ЕУР милиони

	2017	**2018**	**% промена**
Расходи по камати	**12,3**	**11,1**	**-9,8%**
Депозити на физички лица	9,7	8,8	-9,3%
Депозити на правни лица	1,3	1,0	-23,1%
Останати обврски	1,2	1,2	0,0%

Нето приходи од камати

Порастот во основните банкарски активности, во комбинација со прудентниот пристап во управувањето со средствата/обврските, имаше позитивен ефект врз нето приходите од каматите во 2018 година.

во ЕУР милиони

	2017	2018	% промена
Нето приходи од камати	**59,8**	**62,2**	**4,0%**
Приходи од камати	72,1	73,3	1,7%
Расходи по камати	12,3	11,1	-9,8%

Приходи од провизии и надоместоци

Во 2018 година, нето приходите од провизии и надоместоци достигнаа износ од ЕУР 16,3 милиони. Притоа, најзначителен дел (56,4% од вкупните приходи по провизии и надоместоци на Банката) се однесува на провизии поврзани со активности на кредитирање, во износ од ЕУР 9,2 милиони, забележувајќи дополнителен износ од ЕУР 0,3 милиони споредено со 2017 година, или пораст од 3,4%. Нето приходите од платен промет се втора најголема ставка во провизиите, која на крајот од 2018 година изнесуваше ЕУР 4,7 милиони, што претставува 28,8% од вкупните приходи од провизии и надоместоци.

во ЕУР милиони

	2017	2018	% промена
Нето приходи од провизии и надоместоци	**16,0**	**16,3**	**1,9%**
кредити	8,9	9,2	3,4%
гаранции	0,8	0,7	-12,5%
платен промет	5,0	4,7	-6,0%
останато	1,3	1,7	30,8%

Оперативни трошоци

Во текот на 2018 година, Банката ги продолжи активностите во двете сфери- ефикасно управување со трошоците и управување со ризиците, што резултираше во оддржување на трошоците во линија со буџетираните цели и истовремени одржување на извонреден резултат во квалитетот на кредитите. Вкупните оперативни трошоци изнесуваа ЕУР 32,8 милиони, што претставува намалување од 2,2% споредено со соодветната бројка во 2017 година. Поради нејзината ефективна политика на одржување на оптимално ниво на трошоци, проследена со истовремено зголемување на нето оперативниот приход, Банката успеа да одржи релативно ниско ниво на коефициент на трошоци во однос на приходи од 36,7% (37,6% минатата година), што претставува значително намалување споредено со истиот коефициент од минатите неколку години.

Средства и обврски

Средства

Вкупните средства на Банката на крајот од 2018 година изнесуваа ЕУР 1.472,3 милиони, што е за ЕУР 68,0 милиони или 4,8% над 2017 година. Банката продолжи да ја зајакнува прудентноста со балансиран раст, адекватна ликвидност и силна капитална основа. Оттаму, коефициентот на ликвидност до 180 дена достигна ниво од 1,36. Кредитната активност до крајот на 2018 година, за вкупното кредитно портфолио, достигна износ од ЕУР 1.087,1 милиони, од кои ЕУР 353,1 милион беа одобрени на корпоративни клиенти, додека кредитите на населението изнесуваа ЕУР 733,9 милиони.

Депозити и капитал

Депозитната база на Банката се зголеми за 7,2%. Депозитите продолжија да претставуваат основен извор на финансирање на Банката и изнесуваа ЕУР 1.235,9 милиони. Така, на крајот на 2018 година, коефициентот на кредитите во однос на депозитите изнесуваше 88,0% на бруто основа, прикажувајќи го големиот кредитен потенцијал на Банката. Понатаму, Банката го задржа соодветното ниво на орочените депозити во годината - предмет на ревизија, на тој начин обезбедувајќи стабилни извори за понатамошна кредитна експанзија на Банката.

Валутната структура на депозитната база покажува стабилен удел на депозитите деноминирани во домашпна валута од 60,1% (59,3% во 2017 година).

Капиталот на Банката изнесуваше ЕУР 210,3 милиони на крајот од 2018 година и како таков сеуште претставува највисоко ниво во банкарскиот сектор во земјава, обезбедувајќи задоволително ниво на адекватност на капиталот и квалитетни извори на долгорочно финансирање.

Банкарство на мало

2018 година остави значајни пресвртници за општеството, за луѓето и за бизнис заедницата. Стопанска банка АД – Скопје будно ги следеше и дејствуваше во согласност со пазарните можности и потребите на клиентите, на тој начин завршувајќи уште една успешна деловна година.

Од аспект на банкарството на мало, стратегијата на Банката остана фокусирана на клиентот, обезбедувајќи подобрување на услугите и производите, стручно финансиско советување и широка достапност. Комплетирајќи го кругот околу клиентот, со спремност за секоја нова фаза во патувањето на клиентот, со понуда на нови производи, брз одговор и широк дијапазон на места за контакт, Банката успеа не само да остане пазарен лидер туку и да го подобри својот имиџ на пазарот.

2018 година ќе биде забележана со воведувањето на ново портфолио на банкарските производи кои вклучуваат осигурување како и продажбата на индивидуални осигурителни производи преку постоечките канали на Банката. Банката продолжи со реновирање и модернизација на филијалите, трансформирајќи ги во простор целосно ориентиран за опслужување на клиентите, со целокупно подобрени карактеристики.

Депозити од население

Депозити од население остварија умерен пораст во текот на 2018 година, достигнувајќи вкупно ЕУР 968 милиони на крајот од годината, што може да се смета како потврда за стабилноста, доверливоста и сигурноста на Банката.

Како и претходните години структурата на депозитите по видување во однос на орочените депозити остана избалансирана, исто како и валутната структура каде депозитите во домашна валута ги надминуваат депозитите во странска валута.



Кредитирање на население

По правило, квалитетот и одржливоста на портфолиото се најважни, и Банката во тој контекст соодветно го прилагодува и годишното буџетирање. Порастот во кредитирањето од 7,1% и оствареното салдо на крајот на годината од ЕУР 733,9 милиони беа резултат на значајните напори направени од секоја вклучена страна: одделот за развој на производи како и од страна на сите вклучени оддели и комуникациски линии (фронт офисот, контакт центарот, онлајн услугите итн.), со напомена дека сето тоа е остварено во година полна со предизвици за општеството.

Портфолиото на **Станбени кредити** забележа пораст од 8% на годишно ниво. Пазарот е зрел, понудата на недвижности расте, задржувањето клиенти е од витално значење во услови на тесна конкуренција, но сепак со соодветна анализа на клиентот и понуда на производи кои одговараат на неговите потреби, Банката успеа да го прошири своето портфолио, при тоа внимателно одржувајќи низок коефициент на нефункционални пласмани.

Вообичаено, најголемиот дел од кредитното портфолио припаѓа на делот **Потрошувачки кредити** кои ги нуди Банката, кој постигна **11% пораст на годишно ниво**. Со постепен развој и пораст на производите во текот на годините, воведување на можности за рефинансирање, репреограмирање и top-up, Банката всушност успеа да го прошири своето портфолио, потпирајќи се на базата на клиенти која има искуство со производите и е спремна често да ги користи.

Во рамки на портфолиото на **кредитни картички**, во 2018 година СБ успеа да го одржи доминантното учество на пазарот од 39% поради тоа што Банката постојано дејствуваше со активности и кампањи за кредитните картички кои целат кон активирање и користење на портфолиото, од една страна, и задржување на клиентите, од друга страна.

Портофлиото на **Дебитни картички** исто така продолжи да расте и да се проширува, и ја заврши 2018 година со:

- 24% годишен пораст во обемот на трансакции со дебитни картички на СБ преку ПОС терминали
- 9% годишен пораст во обемот на трансакции со дебитни картички на СБ преку Банкоматите

Мрежата на банкомати на Стопанска банка продолжува да биде една од најголемите мрежи на банкомати со конкурентен сет од дополнителни (безготовински) функционалности на банкоматите, како на пример: мобилни Top-up-и преку банкомат, трансфер на пари преку банкомат, плаќање сметки преку банкомат, и промена на ПИН и активирање на картичка преку банкомат.

Контакт центар и банкарски услуги преку интернет

24/7 достапниот контакт центар на Стопанска банка останува да биде водечки контакт центар во земјава, обезбедувајќи постојана грижа за клиентите и годишна експанзија на работењето со нови услуги. Во текот на 2018 година, Контакт центарот натамошно го зголеми услужниот капацитет, покривајќи повеќе од 35,000 контакти со клиенти месечно. Овие контакти со клиентите ефективно се користат за вкрстена продажба на производите од банкарство на мало на СБ.

Стопанска банка АД – Скопје останува ориентирана кон постигнување поголема дигитална достапност за клиентите за поголем дел од нивните услуги од банкарство на мало, и се

фокусира на развој и подобрување на **алтернативните канали за интернет банкарство** во таа насока. Во текот на 2018 година, Банката воведе уникатна можност за овозможување 24/7 извршување на дигитални банкарски трансакции за физичките лица – клиенти на банката. Стопанска банка продолжи да ги промовира своите платежни услуги преку услугата на мобилното банкарство P2P, "TOPSI Pay", таргетирајќи ги во најголем дел младите клиенти на тој начин подмладувајќи ја базата на клиенти.

Во текот на 2018 година, бројката на активни дигитални корисници на Стопанска банка се зголеми за 35%, прикажувајќи пораст во сите услуги освен во телефонското банкарство. Исто како и во 2017 година, трансакциите преку мобилното банкарство продолжија да растат со највисоко темпо, достигнувајќи 50% годишна стапка на раст.

Сегмент на мали претпријатија

Сегментот на мали претпријатија забележа пораст од 16,8% во 2018 година споредено со 2017 година поради високиот квалитет на менаџирањето на односите со клиентите и значајните интеракции со нив и како резултат на активностите на фронт офисот и посетите на терен.

Во исто време, додека портфолиото растеше, неговиот квалитет остана стабилен, докажувајќи дека бизнис моделот функционира и дава резултати. Разбирањето на пазарот, блиската соработка со клиентите, испитувањето на нивните потреби и потенцијали, како и изнаоѓањето соодветни решенија во рамка на параметри на ризик кои овозможуваат рана реакција и прилагодување, беа предуслов за постигнување на пораст.

Корпоративно банкарство

Во 2018 година, Стопанска банка АД - Скопје продолжи да го поддржува корпоративниот сектор, одржувајќи рамнотежа помеѓу апетитот за ризик и остварливите, одржливи и перспективни корпоративни проекти. Со јак, професионален и комплетно ангажиран менаџмент, Банката останува партнер од доверба за бизнис заедницата во земјата, преку понуда на комплетен пакет модерни банкарски производи и услуги, комбинирани со прилагодени и индивидуално креирани финансиски бизнис решенија.

Во година на неизвесности и непредвидливи случувања, корпоративниот тим, со своето знаење и посветеност, успеа да го одржи кредитното портфолио и од аспект на обем и квалитет, на задоволително ниво. Искусните, експертски корпоративни тимови останаа фокусирани на разбирањето и исполнувањето на потребите на клиентите, со примена на различни модели и пристапи за проценка на перформансите, и со усвојување на соодветни бизнис решенија. Приоритет на Корпоративната функција останува високиот квалитет на услужување на клиентите, преку развивање јака, фер, долгорочна и доверлива соработка.

Понатаму, Банката успешно продолжува да се справува со проблематичните средства, преку примена на добро воспоставен систем за рано предупредување, пропратен со ефикасни процеси на наплата. Во координација со затегнатата проценка на кредитниот ризик и контрола, Банката е во можност навремено да идентификува клиенти со потенцијални потешкотии со цел да изнајде поволни излезни решенија, да им помогне во надминувањето на тешките периоди и да го подобри нивниот перформанс.

Останувајќи еден од најдоверливите финансиски партнери, држејќи се до највисоките стандарди во линија со модерните банкарски активности, Банката продолжува да нуди иновативни производи и услуги со обезбедување решенија за своите клиенти. Понатаму, Банката продолжува успешно да ги потпомага извозно-ориентираните компании, преку понуда на широк диајпазон на услуги за финансирање на трговијата, извршувајќи ги надворешно-трговските трансакции на едноставен и ефикасен начин. Понатаму, преку поддршка на компаниите со факторинг производи, Банката продолжува директно да ја подобрува ликвидноста на компаниите, на тој начин охрабрувајќи го и поддржувајќи го бизнис порастот и ликвидноста во економијата воопшто.

Фундаменталната улога на корпоративната функција продолжува, во рамки на стратегијата на Банката за одржување на позицијата на партнер од доверба, со посветеност во потпомагањето на клиентите во нивните планови, поттикнувајќи позитивни трансформации во економијата и општеството, стремејќи се да изгради и обезбеди иднина за заедницата во целост.

Управување со ризици

Функцијата на управувањето со ризиците на Стопанска банка АД - Скопје се фокусира на одржување на нејзиниот профил на ризик во рамки на воспоставениот апетит за ризици, со обезбедување избалансиран пораст и соодветен квалитет на кредитното портфолио. Главната цел на функцијата на управување со ризиците на Банката е да го заштитува интересот на своите клиенти и акционери преку сеопфатна рамка на управуање со ризиците поддржана од јаката култура за ризици, како и расположивата висока ликводност и силната капитална база.

Преземањето и управувањето со ризиците е дел од дневните банкарски активности. Примарна улога на независната функција на управувањето со ризици на Банката е соодветно да ги идентификува, измери и управува со ризиците во нормални и стресни економски услови, и да предвиди дали бизнис активностите се доследни на стратегијата на Банката и нејзиниот апетит на ризици. Банката го следи својот капацитет за преземање ризици преку Стратегијата за ризици, која вклучува дијапазон на финансиски и не-финансиски мерења на ризиците со цел да се осигури дека профилот на ризик на Банката е во линија со апетитот за ризици.

Со цел да одржи адекватно портфолио на ризици, Банката се користи со алатки, како на пример прудентни критериуми за ризик, проценки на ризиците, модели на бодување и

рангирање кои се предмет на постојано ревидирање, валидација и зајакнување за да одговорат на најдобрите практики во банкарската индустрија. Банката континуирано спроведува разновидни стрес тест вежби кои ја потврдуваат отпорноста на нејзината ликвидност и капитал на неповолни пазарни услови и шок сценарија.

Останува цел на Банката да се стреми кон постојано подобрување на рамката за управување со ризиците во линија со регулаторните барања и меѓународните стандарди, најдобрите практики и променливите пазарни услови. Во 2018 година, во линија со меѓународните стандарди, Банката воведе сеопфатен План за обнова кој вклучува развиен сет од детални опции за обнова и активности кои Банката може да ги примени при одредени неповолни пазарни услови.

Културата за ризици е важен интегрален дел на управувањето со ризици. Сениор менаџментот е почетна точка во поставувањето на основните вредности во Банката и културата за ризици, што се пренесува по сите нивоа на организацијата.

Управување со кредитен ризик

Како еден од најзначајните ризици на кои Банката е изложена, кредитниот ризик е ризикот дека Банката ќе претрпи економски загуби доколку другата страна не може да ги исполни своите договорни или други финансиски обврски кои произлегуваат од договор за кредит. Од тие причини, за Банката е од суштинско значење да се потпре врз сеопфатно знаење и разбирање на дејноста на клиентот, секторот, управувањето, целите, финансиските показатели, можностите и предизвиците со цел да преземе соодветна одлука.

За таа цел, кредитните политики на СБ за прудентно кредитирање вклучуваат детална проценка на ризиците пред било која кредитна одлука и општ сет на минимум стандарди за проценка на кредитниот лимит, одобрувањето, обновувањето и следењето на кредитната изложеност. Извршените кредитни проценки се поддржани од систем за рангирање на ризиците и статистички модел на бодување кој, врз основа на разновидните инпути на квантитативни и квалитативни податоци, обезбедува квантификација на нивоата на кредитен ризик. Конечно, воспоставени се Овластени тела за кредитно одобрување со искусни и професионални членови за одобрување и обновување на кредитните изложености.

Откако ќе се воспостави кредитен однос, СБ применува процес на интензивно следење кој овозможува рана идентификација на било какво влошување на профилот на ризик на клиентот или на група на клиенти. Процесот на следење се состои од редовни ревизии на кредитите во текот на животниот циклус на производот, внатрешна класификација на ризиците и Систем за рано предупредување, кои заедно ги идентификуваат раните сигнали на влошување на кредитоспособноста на клиентите и се стремат кон обезбедување навремено преземање на потребни дејства со цел да се минимизира загубата по кредит. Кредитната изложеност исто така континуирано се следи според воспоставени лимити на концентрација по сектор, вид на обезбедување, географска одредница, рангирање на должникот итн.

Во линија со најдобрите меѓународни практики и следејќи ја зајакнатата методологија и процес на обештетување, Банката обезбедува адекватно ниво на резервации за потенцијални загуби по кредити во било кое време.

Во текот на 2018 година, Банката продолжи со тековната прудентна кредитна политика и избалансиран пораст на кредитното портфолио кој одговара на стратегијата и репутацијата. Сите нејзини цели во рамки на кредитниот ризик, алатки и јасната структура на процесите на управување со ризици се инкорпорирани во внатрешните Политики на Банката, одобрени од страна на Надзорниот одбор.

Квалитет на кредитното портфолио

Во рамки на имплементираната солидна рамка за управување со кредитен ризик, СБ успеа да одржи солидно и разновидно кредитно портфолио во 2018 година. Одржувањето низок и контролиран коефициент на нефункционални пласмани е една од главните стратешки цели, којашто банката успеа да ја оствари во изминатата година.



Согласно Методологијата на НБРСМ, секоја изложеност на кредитен ризик се класифицира во една од петте категории (А, Б, В, Г и Д). Банката успеа да задржи 90,2% од изложеноста во рамки на најдобрата категорија на кредитен ризик, односно "А" категоријата на кредитен ризик, додека задолженијата класифицирани во категорија "Г" и "Д" со висок кредитен ризик се намалија за 1,8 процентни поени во споредба со 2017 година и сочинуваат 3,5% од кредитното портфолио на Банката.

Структура на концентрацијата

Кредитниот ризик од концентрација е ризик од загуба поради недостаток на диверзификација на ризиците во портфолиото, предизвикан од релативно големи концентрации на изложености кон позитивни и во голема мера поврзани договорни страни (коминтенти). Со цел да се избегнат прекумерни концентрации на кредитен ризик, СБ има за цел да го диверзифицира кредитниот ризик и да утврди лимити кон клиенти поединци и групи на поврзани клиенти (концентрација на должници), изложеност во рамките на одреден индустриски сектор (концентрација на индустрија), вид на обезбедување,

географска област итн. Утврдените лимити се ревидираат најмалку на годишна основа како дел од политиките и процедурите за кредитен ризик.

СБ ја следи кредитната изложеност во однос на поставените лимити на концентрација на редовна основа, поткрепувајќи ги заклучоците со соодветни корективни мерки.

Управување со ликвидносен ризик

Наша основна цел при управувањето со ликвидносниот ризик е да одговориме на сите очекувани или неочекувани текови на пари, истовремено поддржувајќи ги нашите деловни проекти и клиенти во дадени економски услови. За да ја постигнеме таа цел, го анализираме и следиме ликвидносниот ризик под очекувани и стресни услови, притоа одржувајќи ја ликвидноста и пристапот до различни извори на финансирање на потребното ниво, пред се' на нашата стабилна депозитна база.

Управувањето со ликвидноста и ликвидносниот ризик во текот на 2018 година се реализираше во услови на континуиран вишок на ликвидност кој во услови на исполнување на зацртаните буџетски проекции во областа на кредитните активности беше пласиран во расположивите инструменти на домашните финансиски пазари. Притоа, приоритет при управувањето со ликвидноста беше почитувањето на пропишаните регулаторни барања и оптимална алокација на средствата во високо квалитетни ликвидни инструменти.

Регулаторни обврски

Просечното исполнување на денарската задолжителна резерва изнесуваше 100,1%. Во рамките на оваа обврска, Банката редовно го следеше и усогласуваше износот на потребните средства за резервниот гарантен фонд наменет за осигурување од евентуални ликвидносни потешкотии во порамнувањето на малите меѓубанкарски плаќања. Девизната задолжителна резерва се одржуваше согласно пропишаната методологија и потребни стапки на издвојување од девизните депозити, вклучувајќи го делот за извршување на девизниот платен промет во евра преку сметката во Народна Банка.

Стапките на ликвидност се одржуваа над пропишаните минимални прагови, односно на 31.12.2018 истите изнесуваа 1,83 за 30-дневната стапка и 1,36 за стапката од 180 дена.

Отворената девизна позиција исто така се следеше на дневна основа, а нејзиното движење беше во рамките на дозволените регулаторни прагови.

Структура на ликвидни средства

Состојба на ликвидни средства на ден 31.12.2018.

Најголемиот дел на средства се пласирани во хартии од вредност, кои се попрофитабилни инструменти, додека остатокот од ликвидноста кој е потребен за оперативно функционирање се чува во готовина и на трансакциските сметки

При одредувањето на структурата на пласмани на ликвидните средства, Банката ги зема во предвид: расположивиот вишок, изворите на средства, рочната и валутна структура, каматните стапки, како и алтернативните можности за предвремено повлекување на средствата во случај на потреба. Во рамки на редовните стрес-тестирања како и при подготвување на Планот за опоравување на системски значајна банка, Стопанска Банка АД - Скопје посебен фокус и внимание посветува на управувањето и одржувањето на ликвидноста, притоа утврдувајќи ги адекватните износи на ликвидни средства и нивоа/прагови на толеранција на ликвидносен ризик.

Девизен пазар

Остварениот промет на девизниот пазар во текот на 2018 година изнесуваше 873 милиони евра, при што најголем дел се однесува на трансакции помеѓу Банката и нејзините клиенти. Од аспект на валутната структура, најголем дел од трансациите се евро деноминирани трансакции. Банката беше активна и во сегментот на меѓубанкарски трансакции со остварен промет во износ од над 60 милиони евра.

Брокерски и старателски услуги

Во текот на 2018 година, споредено со предходната година, Банката оствари зголемување за 72% на прометот со тргувани хартии од вредност на Македонската берза, од кои прометот со акции забележа пораст од 58%, додека бројот на налози се зголеми за 30%. Остварениот приход од извршени налози на клиенти забележа пораст од 76%.

Во сегментот на чување на хартии од вредност, Банката обезбедува старателски услуги на неколку странски институционални инвеститори, кои го одржуваат своето портфолио на релативно стабилен износ во текот на изминатите години. Приходите од старателски услуги забележаа пораст од 14% во однос на минатата година.

Управување со ризикот од промени во каматните стапки

Процесот на СБ за управување со ризикот од промена на каматни стапки ја одразува стратегијата на Банката за ризици, толеранцијата за ризици, деловните активности, севкупното оперативно опкружување и пазарните услови, имајќи ги во вид можните измени на каматните стапки и нивното влијание врз добивката и економската вредност на основниот акционерски капитал на Банката.

Банката има воспоставено рамка за управување со ризикот од промена на каматна стапка со цел да се минимизираат ефектите од негативни промени во идните каматни стапки и да се обезбеди навремено идентификување, мерење, следење и ублажување на изложеностите на ризик од промена на каматната стапка. Рамката ги опфаќа факторите на ризик и нивна оценка, методологиите за мерење, методологијата за тестирање на стрес, ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности (Interest Rate Risk in the Banking Book IRRBB), неговата метрика и лимити со цел да се осигури дека овој ризик соодветно се мери, следи и контролира.

Оценката на ризикот од промена на каматните стапки се врши преку следење на изложеностите кои произлегуваат од портфолиото на банкарски активности, земајќи го во предвид фактот дека нема портфолио на тргување чувствително на каматни стапки во билансот на состојба на СБ.

Главната цел на управувањето со ризикот од промена на каматните стапки е да се ублажи ризикот од создавање загуби кои произлегуваат од промените на пазарните каматни стапки до прифатливо ниво преку соодветно моделирање на структурата на позициите во билансот на состојба чувствителни на каматни стапки и вонбилансните ставки.

СБ постојано управува со изложеностите кон ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности (IRRBB) преку воспоставување соодветна структура на позиции чувствителни на промени на каматните стапки, со цел тие средства и обврски чувствителни на промена на каматните стапки да бидат во силна корелација, што резултира во незначителен јаз помеѓу преоценката и достасаноста, а со тоа и ниско ниво на изложеност на ризик од промена на каматните стапки.

На крајот од 2018 година, коефициентот на вкупната нето пондерирана позиција во однос на регулаторниот капитал беше многу под регулаторниот максимум од 20% и резултираше во незначителна изложеност кон ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности (IRRBB).

Управување со валутен ризик

Примарна цел на управувањето со структурата на валутната изложеност на Банката е да се намали влијанието од флуктуациите на девизните курсеви.

Основен механизам на Банката за управување со валутниот ризик е примената на Стратегијата на Банката во однос на ризиците и Рамката за управување со валутен ризик, со цел да се осигури дека изложеноста на валутен ризик е во рамки на одобрените лимити за ризик и во линија со апетитот за ризици на Банката.

Системот за идентификација, мерење, следење и контрола на валутниот ризик или девизниот ризик ги опфаќа сите активности и трансакции на Банката кои ги вклучуваат билансните и вонбилансните позиции кои се водат во странска валута и во денарски позиции со девизна клаузула. Структурата на билансот на состојба на СБ се состои од средства и обврски во различни валути, но воглавно во МКД и ЕУР.

СБ управува со валутниот ризик со хеџирање или следење на отворената девизна позиција на дневна основа, обезбедувајќи усогласеност со прописите и интерните лимити на изложеност во основните валути, поодделно, како и на агрегатно ниво, и на тој начин СБ пресметува Отворена девизна позиција за секоја странска валута присутна во нејзиниот биланс на состојба.

Во 2018 година, процесот на управување со валутен ризик беше реализиран со високо ниво на стручност во услови на стабилен курс на денарот, и отворената девизна позиција беше постојано под регулаторниот лимит, следствено на тоа немаше прекршување на регулаторниот лимит во ниту еден момент.

Управување со оперативен ризик

СБ применува сеопфатна Рамка за управување со оперативниот ризик (ORMF) со цел постојано да управува со и спречува оперативни ризици кои резултираат од несоодветни или паднати системи, внатрешни процеси, човечка грешка или надворешни влијанија.

СБ има сеопфатна и високо квалитетна Рамка за управување со оперативен ризик (ORMF), со цел да:

- Промовира свесност за оперативниот ризик и култура за ризици во целата Банка, на тој начин понатаму придонесувајќи за ефикасен процес и ефективна контрола

- Воспостави комплет на фундаментални стандарди за управување со оперативниот ризик во Банката што води кон избегнување на неочекувани и катастрофални загуби и минимизирање на очекуваните загуби
- Осигури дека деловните цели се исполнуваат со контрола на ризиците
- Обезбеди економичност при работењето со намалување на обемни издатоци и избегнување на прекумерни или застарени контроли
- Обезбеди конзистентност со соодветни најдобри практики и усогласеност со регулаторните (квантитативни и квалитативни) барања
- Го подобри користењето на регулаторниот капитал, во врска со оперативниот ризик

Рамката има за цел да ги одржува оперативните ризици во рамки на умерен/ низок профил на ризик, и истата е во линија со апетитот за ризици на Банката и НБГ Групацијата.
Моделот за управување со оперативен ризик на СБ се базира на "модел со три линии одбрана", креиран за ефективно управување со оперативниот ризик (OR). Процесот на управување со оперативниот ризик (ORM процес) е силно вграден во дневните бизнис процеси на Банката.

Севкупниот фокус на процесот за управување со оперативен ризик (ORM процес) во 2018 година беше на понатамошно зајакнување на функцијата на управување со оперативен ризик во рамки на целата Банка, подигнување на културата за оперативен ризик и свесноста за прашања од оперативен ризик, како и зајакнато следење на изложеноста на оперативен ризик, што се постигнува со интензивна проактивна улога на Секторот за управување со ризици, особено со намера изложеноста на оперативен ризик да се елиминира или ублажи во линија со профилот на ризици на Банката, стратегијата за ризици и бизнис целите. Паралелно, еден од најголемите предизвици во процесот на управување со оперативниот ризик (ORM процес) во текот на 2018 беше исто така адекватно да се воспостави ново сеопфатно напредно софтверско системско решение за управување со оперативен ризик – "IBM OpenPages GRC platform" и со тоа ефективно да се имплементираат компонентите на рамката за управување со оперативен ризик во таа платформа, што успешно се реализираше.

Ова ново софтверско системско решение овозможува поефикасно и ефективно управување со оперативниот ризик, сеопфатен преглед на изложеноста на Банката на оперативен ризик и потенцијални ризици, високо квалитетен процес на следење и снимање на остварените загуби и несакани појави без монетарно влијание, ефикасно следење на Главните индикатори за ризик и ефективно иницирање на план за активности и последователни активности.

Рамката за управување со оперативен ризик (ORMF) обезбедува структурен пристап на управување со оперативниот ризик. Истата применува постојани стандарди и техники за евалуација на оперативниот ризик.

Основните фундаментални компоненти на Рамката за управување со оперативен ризик (ORMF) на Стопанска банка АД - Скопје се: Вредности на Клучните индикатори за ризик

(KRIs), Процес на самооценување на ризици и контроли (RCSA), Процесот на прибирање податоци за загуби (LDC) и Акциони планови (AP).

Во текот на 2018 година, сите главни фундаментални компоненти на рамката за управување со оперативен ризик (ORMF) беа комплетно имплементирани во согласност со Политиката и Методологиите за управување со оперативен ризик на Стопанска банка и НБГ Групацијата, и во согласност со регулаторните стандарди и последователно, процесот на управување со оперативниот ризик (ORM процес) беше воспоставен со висока експертиза, избегнувајќи го негативното влијание врз финансиските резултати и капиталната позиција, обезбедувајќи ефективна, соодветна и со интегритет имплементирана Рамка на управување со оперативен ризик (ORMF).

Адекватност на капиталот, Интерен процес на оценка на адекватност на капиталот и Стрес тест

Одржувањето силна капитална база како предуслов за раст на бизнисот и апсорбер на сите можни ризици претставува приоритет и главен фокус на Банката. Вкупниот регулаторен капитал на Банката со состојба од 31.12.2018 година изнесуваше 195 милиони евра, по зголемувањето на капиталот од 25 милиони евра, остварено само во 2018 година. На тој начин, основниот капитал (Tier 1) изнесуваше 193,5 милиони евра, а дополнителниот капитал (Tier 2) изнесуваше 1,5 милиони евра, што резултираше во коефициент на адекватност на капиталот од 16,3% со состојба од 31.12.2018 година.

Како дел од прудентно воспоставената Рамка на управување со ризици, Банката редовно спроведува Интерен процес на оценка на адекватноста на капиталот (ICAAP) и ја оценува отпорноста на адекватноста на капиталот преку стрес тестирања, при тоа земајќи ги во предвид тековните околности и ризиците кои доминираат во моментот на стрес-тестирањето, предвидувајќи ги очекуваните ризици. Интерниот процес на оценка на адекватноста на капиталот (ICAAP) на Банката потврдува дека капиталот на СБ е доволен за покривање на сите материјални ризици на кои е изложена Банката, како и дека утврдениот вишок на капитал е повеќе од доволен да ги покрие сите ризици кои не може адекватно да се квантифицираат, но на кои Банката е изложена во текот на своите редовни бизнис активности. Како што е пропишано, стрес тестирањата се исто така интегрален дел од рамката за управување со ризици, особено потребни да обезбедат проценка и да обрнат внимание на големината на финансиските загуби и нивното влијание врз севкупниот бизнис, вклучувајќи ја и адекватноста на капиталот. Во текот на 2018 година, Банката спроведе различни стрес тест сценарија за да се испита во однос на чувствителноста на претходно утврден сет од ектремни но веројатни шокови. Стрес тестирањата го земаа во предвид влијанието од различни сценарија од доменот на кредитниот ризик, ризикот од промена на каматната стапка во портфолиото на банкарски активности, ликвидносниот ризик, валутниот ризик и оперативниот ризик, како и сценарија кои вклучуваат комбинација од сите ризици.

Резултатите од стрес тестирањата докажаа дека Банката може да се справи и е отпорна дури и на многу песимистички претпоставки. Таквата отпорност воглавно го одразува прудентното управување со ризиците, добро воспоставениот бизнис модел, стратегијата, системите и процедурите кои овозможуваат одржлива и силна капитална база и позиција на висока ликвидност, како силен штит од сите можни ризици и шокови.

Активности за контрола на усогласеноста со прописите, спречување на перење пари и борба против финансирање на тероризмот

Во текот на 2018 година, Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите (Сектор) спроведе огромен број на активности за следење на примената на сите релевантни новини во домашната и меѓународната регулатива поврзани со банкарското работење преку постојана имплементација на ефикасен систем за контрола на активностите на СБ во согласност со важечките домашни и меѓународни прописи. Овие активности вклучуваа:

- воспоставување на ефикасни интерни процедури и организациони структури за идентификување, следење и управување со можните ризици поврзани со усогласеноста на СБ со важечките прописи;
- континуирана обука на вработените на Банката;
- редовно, најмалку на месечно и на полугодишно ниво, доставување на извештаи до Управниот одбор и до Надзорниот одбор;
- континуирана соработка со релевантните надворешни институции во согласност со Законот за банките;
- редовно поднесување на извештаи до даночните органи на САД во согласност со Законот FATCA, итн.,

со што се обезбедува добра репутација и кредибилитет на СБ пред НБГ Групацијата, пред нејзините акционери, клиенти, инвеститори, регулаторни и супервизорски органи и други надлежни институции како и развој на култура за усогласеност со прописите кај сите вработени на СБ.

Во врска со активностите за Спречување на перење пари (СПП) и Борбата против финансирање на тероризам (БФТ), во текот на 2018 година Секторот спроведе низа активности за усогласување на интерните акти со барањата од новиот Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (Закон), како и за подобрување и натамошно усовршување на интерните системи и процеси што се користат во Секторот на дневна основа. Исто така, во текот на 2018 година бројот на вработени во Секторот беше соодветно зголемен согласно со одредбите од новиот Закон.

Секторот за контрола на усогласеноста на работењето со прописите ќе продолжи да ги врши своите редовни активности во насока на одржување и зајакнување на културата за

усогласеност со прописите во рамките на СБ, како и постигнување севкупна усогласеност на работењето на Банката со релевантната регулатива како нејзина главна цел.

Заштита на лични податоци

Приватноста и довербата на нејзините клиенти е од најголема важност за Стопанска банка, имајќи ја во предвид природата на банкарското работење и податоците кои ги прибираат банките за нивно секојдневно работење. Банката има двајца Офицери за заштита на лични податоци и цел тим составен од правни и ИТ експерти кој им помага наведените лични податоци да бидат:

- собрани на етички и законски начин,
- собрани за посебни, експлицитни и законски цели, и
- чувани безбедно и само за периодот потребен за исполнување на целите на прибирање и обработка.

Според тоа, Банката има воведено процедури и имплементирано системи кои овозможуваат контролиран тек на информациите. Понатаму, Банката има усвоено нова Политика за заштита на личните податоци, која е усогласен со EU GDPR.

Вработените во СБ целосно разбираат дека тие треба да се придржуваат кон тајноста и да ја заштитуваат доверливоста на сите податоци или информации во врска со Банката и нејзините клиенти од намерно или ненамерно откривање на неовластени лица дури и по укинувањето на нивниот пристап до таквите информации и/или раскинување на нивниот договор за вработување со Банката.

ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ЗА 2018 ГОДИНА

Стопанска банка АД – Скопје (СБ) е една од најголемите, најпрофитабилните и најсолидните системски банки во земјата со високо софистициран и ефикасен систем на корпоративно управување воспоставен преку следење на најдобрите практики, стандардите на НБГ Групацијата, соодветната регулатива, како и стратешките потреби на Банката и нејзините заинтересирани страни. Одговорното корпоративно управување е највисок приоритет за Банката што поддржува целосно спроведување на нејзиниот деловен план со оперативна извонредност и интегритет.



Следниот Извештај се презентира на акционерите на СБ и на јавноста во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Службен весник бр. 24/2018).

1. Органи на СБ

1.1. НАДЗОРЕН ОДБОР

Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје се состои од 7 членови, од кои 2 се независни, со утврден мандат од четири години, а ги именува Собранието на акционери. Составот на Надзорниот одбор во 2018 година е следен:

1. Маринис Стратопулос, **Претседател на Надзорниот одбор на СБ,** Генерален директор на Секторот за имот и Секторот за меѓународни активности, Национална Банка на Грција С.А. Атина;
2. Димитриос Христопулос, **Заменик претседател на Надзорниот одбор на СБ**, Директор на Секторот за меѓународни активности на Национална Банка на Грција С.А. Атина;
3. Анастасиос Лизос, **член на Надзорниот одбор на СБ**, Раководител на Секторот за меѓународни активности, Национална банка на Грција С.А. Атина;
4. Јанис Кајулис, **член на Надзорниот одбор на СБ**, Раководител на Секторот за меѓународно корпоративно кредитирање, Национална банка на Грција С.А. Атина;
5. Димитра Гудуфа, **член на Надзорниот одбор на СБ,** Директор на Секторот за стратегија на Групацијата, Национална банка на Грција С.А. Атина;
6. Владимир Филиповски, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор**,** Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје; и
7. Сашо Ќосев, **независен член на Надзорниот одбор на СБ,** професор**,** Економски факултет – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје.

Последната самооценка на Надзорниот одбор потврдува дека сегашниот состав на Надзорниот одбор е таков што неговите членови имаат колективно и индивидуално знаење, способности и стручно искуство како и интегритет и репутација соодветни за системска банка како СБ. Освен тоа, сите членови на Надзорниот одбор посветуваат соодвенто време и фокусирање на нивните надзорни и стратешки одговорности, Во контекст на тоа, членовите на Надзорниот одбор не се членови на друго надзорно или извршно тело во организации надвор од НБГ Групацијата, со исклучок на проф. Ќосев кој е основач, претседател и претседавач на Управниот одбор на НГО Балканскиот Економски Форум (на волонтерска основа, без надомест).

Сите **критериуми за независност се следат** и во извештајниот период **не е пријавен никаков судир на интереси** од никој од членовите на Надзорниот одбор.

Одговорностите на Надзорниот одбор се утврдени во член 89 од Законот за банки и истите се инкорпорирани во Статутот на СБ, како што е подолу наведено:

1. одобрува деловна политика и развоен план на СБ;
2. именува и разрешува членови на Управниот одбор, Одборот за управување со ризици и Одборот за ревизија на СБ;
3. одобрува финансиски план/Буџет на СБ;
4. го организира Секторот за внатрешна ревизија и именува и разрешува директор на Секторот за внатрешна ревизија; одобрува годишен план на Секторот за внатрешна ревизија;
5. одобрува политика за сигурност на информативниот систем;
6. одобрува политики за управување со ризици на СБ;
7. одобрува политика за судир на интереси која утврдува можен судир на интереси и мерки и активности за негово избегнување;
8. одобрува политика за наградување;
9. одобрува и спроведува политика за избор, следење на работењето и разрешување на членови на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор на СБ;
10. разгледува извештаи за работењето на Управниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;
11. одобрува годишна сметка и финансиски извештаи на СБ;
12. одобрува изложеност кон поединечно лице од над 20% од сопствените средства на СБ, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народна Банка и Владата на РСМ;
13. одобрува трансакции со поврзани лица со СБ во износ од над 6.000.000 денари;
14. одобрува стекнување на капитални удели и купување на хартии од вредност во износ повисок од 5% од сопствените средства на СБ, освен купување на хартии од вредност издадени од Народна банка и Владата на РСМ;
15. одобрува предлог на Одборот за ревизија за назначување на надворешно друштво за ревизија, или предлог за раскинување на договорот со надворешното друштво за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;
16. одобрува Политика за вршење на внатрешна ревизија;
17. разгледува извештаи од супервизијата, други извештаи доставени од Народна банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно превзема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на СБ;
18. одобрува годишен извештај за работењето на СБ и доставува мислење во писмена форма по истиот до Собранието на акционери на СБ;
19. разгледува извештај од надворешното друштво за ревизија и доставува мислење во писмена форма по истиот до Собранието на акционери на СБ;
20. одобрува Кодекс на етика и Кодекс на корпоративно упрвување на СБ.

****Работењето на Надзорниот одбор е подетално презентирано во Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор во 2018 година, доставен до Собранието на акционери на СБ.*

1.2. Одбори на Надзорниот одбор на СБ во извештајната година

Надзорниот одбор има формирано одбори со цел да ја подобри ефикасноста на своето работење преку справување со сложени работи во помали групи и нивна подготовка за целиот Надзорен одбор. Освен тоа, Надзорниот одбор има делегирано поединечни права за донесување одлуки на одборите до степен до кој е законски дозволено согласно соодветната законска регулатива и интерните одредби на Банката.

Нема значајни промени во структурата на одборите на Надзорниот одбор, односно Надзорниот одбор на СБ имаше три одбори во извештајниот период: Одбор за ревизија, Одбор за управување со ризици и Одбор за наградување.

А) ОДБОР ЗА РЕВИЗИЈА

Одборот за ревизија на Стопанска банка АД - Скопје се состои од пет членови кои ги именува Надзорниот одбор со мандат од две години. Повеќето од членовите (3) се членови на Надзорниот одбор, а останатите два члена се независни од кои еден член е овластен ревизор. Членови на Одборот за ревизија во 2018 година беа:

1. Антонио Вељанов, претседател на Одборот за ревизија (независен член и овластен ревизор);
2. Анастасиос Лизос, заменик претседател на Одборот за ревизија (претставник од Надзорниот одбор);
3. Димитра Гудуфа, член (претставник од Надзорниот одбор);
4. Димитриос Христопулос, член (претставник од Надзорниот одбор); и
5. Јадранка Мршиќ, член (независен член)[1].

Одговорностите на Одборот за ревизија се строго утврдени во Законот за банки, кои се пренесени во Статутот на СБ. Накратко, Одборот за ревизија е одговорен за разгледување на интегритетот на сметководственото и финансиското известување, разгледување и оценување на системите за внатрешна контрола и други слични активности кои обезбедуваат поддршка на Надзорниот одбор при неговата контролна функција. Подетално, *меѓу другото*, во текот на 2018 година Одборот за ревизија:

- ги разгледа (кварталните) извештаи на Секторот за внатрешна ревизија и неговите останати документи за известување и планирање, вклучувајќи ја и Политиката на Секторот за внатрешна ревизија,
- ги разгледа (месечните) извештаи на Одборот за управување со ризици,
- изврши (квартално) разгледување на финансиските извештаи за консолидациски цели,
- ја одобри одлуката за утврдување на предлог за избор на надворешно ревизорско друштво, и

[1] Г-ѓа Јадранка Мршиќ е исто така член на Управниот одбор на Европското движење во РМ, на волонтерска основа без паричен надоместок.

- ги разгледа извештаите и плановите за усогласеност на работењето на Банката со прописите пред нивно доставување до Надзорниот одбор.

Како заклучок, Одборот за ревизија го следеше Годишниот план за работа и ги изврши своите должности во целосна усогласениост со соодветните законски прописи односно легислатива и стандардите на корпоративно управување.

Б) ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Одборот за управување со ризици на Стопанска банка АД - Скопје се состои од 9 членови кои ги именува и/или разрешува Надзорниот одбор. Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици е две години. Со состојба на 31 декември 2018 година, членови на Одборот за управување со ризици на СБ се следните:

1. Диомидис Николетопулос - Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор, претседател;
2. Тони Стојановски - Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор, член;
3. Теодулос Скордис - Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор, член;
4. Милица Чапаровска-Јовановска - Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор, член;
5. Мирјана Трајановска – Сениор директор за средства, ликвидност и финансии, член[2];
6. Владо Тренески – Директор на Секторот за корпоративно банкарство, член[3];
7. Мирко Аврамоски - Директор на Секторот за наплата, член;
8. Весна Ненчева - Директор на Секторот за управување со ризици, член; и
9. Главен економист на СБ, член.

Членовите на Одборот за управување со ризици, освен условите утврдени со Законот за банки, треба да имаат најмалку три години искуство во областа на финансиите или банкарството. Одговорностите на ОУР се следните:

1. Перманентно следење и оценување на степенот на ризичност на СБ и идентификување на прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите како резултат на изложеноста на СБ на ризик;

2. Воспоставување политики за управување со ризици и следење на нивната имплементација;

3. Следење на прописите на Народна банка кои се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на работењето на СБ со тие прописи;

4. Оценување на системите на СБ за управување со ризици;

[2] Г-ѓа Мирјана Трајановска е исто така претседател на Надзорниот одбор на Клириншката куќа КИБС АД Скопје.
[3] Г-дин В. Тренески е исто така независен неизвршен член на Управниот одбор на Еуроинс АД Скопје.

5. Утврдување на краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на кои е изложена СБ;

6. Анализирање на извештаите за изложеност на ризик на СБ подготвени од страна на службите за оценка на ризик на СБ и предлагање стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;

7. Следење на ефикасноста на функционирањето на системите за внатрешна контрола за управувањето со ризици;

8. Анализирање на ефектите од управување со ризиците врз перформансите на СБ;

9. Анализирање на ефектите од предложените стратегии за управување со ризиците, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;

10. Оценување дали одредувањето на цени за производите и услугите на Банката е во согласност со нивото на превземени ризици и во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;

11. Го информира, најмалку еднаш на секои три месеци, Надзорниот одбор на СБ за промените во ризичните позиции на СБ, промените во стратегиите за управување со ризиците, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на СБ, како и за превземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите; и

12. Одобрување на секоја изложеност кон поединечно лице повисока од 10% а до 20% од сопствените средства на СБ.

В) ОДБОР ЗА НАГРАДУВАЊЕ

Од месец ноември 2013 година, Одборот за наградување му помага на Надзорниот одбор во спроведувањето на Политиката за наградување на СБ.

Во согласност со Политиката за наградување на СБ, Одборот се состои од три членови на Надзорниот одбор, чие мнозинство треба да бидат независни членови, вклучувајќи го неговиот претседател, именувани од страна на Надзорниот одбор. Според тоа, во текот на 2018 година, членови на Одборот за наградување се:

1. Владимир Филиповски, независен член на Надзорниот одбор, претседател;
2. Сашо Ќосев, независен член на Надзорниот одбор, член; и
3. Анастасиос Лизос, член на Надзорниот одбор, член.

Должината на мандатот на членовите на Одборот за наградување е една година.

Одговорностите на Одборот за наградување се регулирани во Политиката за наградување на Стопанска банка и Деловникот за работа на Одборот за наградување, следејќи ги соодветните одредби на Одлуката на Централната банка за правилата на добро корпоративно управување во банките (од февруари 2018 година). Накратко, ОН му помага

на Надзорниот одбор во утврдувањето и следењето на политиката за наградување и практиките на Банката.

Во текот на 2018 година Одборот за наградување одржа **две редовни седници,** како што пропишува локалната легислатива и во согласност со Деловникот за работа на Одборот за наградување. На овие седници, а следејќи го Годишниот план за работа, беа донесени следните главни точки:

- Изготви План за отстранување на утврдените недостатоци (План за санација) за имплементација на Политиката за наградување и редовно го следеше исполнувањето на договорените активности. Планот за санација одговара на препораките на супервизијата од Централната банка во врска со политиките на Банката за наградување;
- Редовно го разгледуваше трошокот за вработените и кадровската политика на Банката, осигурувајќи дека менаџментот го одржува трошокот за кадар и бројот на вработени во рамки на Буџетот;
- Го верификуваше предлогот за варијабилно наградување на раководниот кадар и на вработените во СБ за постигнување на исклучителни резултати;
- Го разгледа и дискутираше по редовниот годишен извештај на внатрешната ревизија за спроведување на Политиката за наградување; и
- Го ревидираше својот Деловник за работа.

1.3. УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје се состои од четири членови кои ги именува и/или разрешува Надзорниот одбор, со мандат од четири години. Нема измени во составот на Управниот одбор од претходниот Годишен извештај, односно членови на Управниот одбор со состојба на 31.12.2018 година се:

1. Диомидис Николетопулос, Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор;
2. Тони Стојановски, Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор[4];
3. Милица Чапаровска-Јовановска, Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор; и
4. Теодулос Скордис, Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор.

Членовите на Управниот одбор на СБ, освен условите утврдени со Законот за банки, имаат солидно искуство во СБ и во банкарскиот сектор на повисоки позиции (~30 години искуство во финансискиот сектор) и стручно познавање на работата и на банкарската регулатива.

[4] Г-дин Стојановски е член во следните организации:
- Македонска берза на ХОВ, неизвршен член на Управниот одбор;
- Банкарската асоцијација, заменик претседател (на доброволна основа).

Одговорностите на Управниот Одбор се следните:

1. Управување со СБ;
2. Претставување на СБ;
3. Извршување на одлуките на Собранието на акционери и Надзорниот одбор на СБ, односно грижа за нивното спроведување;
4. Покренување иницијативи и давање предлози за промовирање на работењето на СБ;
5. Именување и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, во согласност со одредбите од Законот за банки и Статутот на СБ;
6. Изготвување на деловна политика и развоен план на СБ;
7. Изготвување на финансиски план / буџет на СБ;
8. Изготвување на Политика за информативна сигурност на СБ;
9. Изготвување на Годишен извештај за работењето на СБ и негово доставување до Надзорниот одбор;
10. Изготвување на Кодекс на етика на Банката;
11. Давање на претходна согласност и доставување на предлози за отпис на побарувања до Надзорниот одбор;
12. Донесување одлука за продажба на побарувања; и
13. Вршење на други активности во согласност со законот, Статутот и актите на СБ.

Со цел за помош на Управниот одбор во извршување на деловниот план на Банката, СБ има формирано Извршен одбор кој покрај генералните директори ги вклучува и Сениор директорот за средства, ликвидност и финансии (Мирјана Трајановска) и Сениор директорот за оперативни активности (Радмила Максимовиќ), кои добиваат помош од секретарот на Банката.

1.4. КРЕДИТНИ ОДБОРИ

Други тела на СБ, утврдени со Статутот, се кредитните одбори со следните структура и овластувања со состојба на 31 декември 2018 година:

1. <u>Извршен корпоративен кредитен одбор (ИККО)</u>: се состои од 5 членови со неограничено траење на мандатот, и тоа:

1. Диомидис Николетопулос - Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор на СБ, претседател;
2. Јанис Кајулис – Раководител на Секторот за меѓународно кредитирање на НБГ Групацијата, член;
3. Тони Стојановски – Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, член;
4. Теодулос Скордис - Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член;
5. Елиас Пападопулос - Сектор за меѓународни активности на НБГ, член.

ИККО одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект (правно или физичко лице) за финансирање во износ од ЕУР 3.000.001 до ЕУР 10.000.000. Сите финансирања што го надминуваат износот од ЕУР 10.000.001 ги одобрува Надзорниот одбор на СБ. ИККО, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки од Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

2. <u>Кредитен одбор (КО):</u> се состои од 5 членови со неограничено траење на мандатот, и тоа:

1. Диомидис Николетопулос - Генерален извршен директор и претседател на Управниот одбор на СБ, претседател;
2. Тони Стојановски – Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, член;
3. Теодулос Скордис - Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член;
4. Владо Тренески – Директор на Секторот за корпоративно банкарство на СБ, член;
5. Константинос Кудалакис - претставник на Секторот за меѓународно кредитирање на НБГ Групацијата, член со овластување за донесување одлуки утврдено во согласност со важечката кредитна политика.

КО одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект (правно или физичко лице) во износ од ЕУР 500.001 до ЕУР 3.000.000. КО, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

3. <u>Кредитен одбор за комерцијални клиенти (КОКК):</u> се состои од 4 членови со неограничено траење на мандатот, и тоа:

1. Тони Стојановски – Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, претседател;
2. Теодулос Скордис - Генерален директор за корпоративно банкарство и член на Управниот одбор на СБ, член;
3. Владо Тренески – Директор на Секторот за корпоративно банкарство, член;
4. Лидија Руменовска – Директор на Секторот за изготвување кредитни предлози, член.

КОКК одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ од ЕУР 350.001 до ЕУР 500.000 и кон поединечен субјект – физичко лице во износ од ЕУР 100.001 до ЕУР 500.000. КОКК, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците

се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

4. <u>Виш кредитен одбор за мали претпријатија (ВКОМП):</u> се состои од 4 членови, со неограничено траење на мандатот, и тоа:

1. Тони Стојановски – Генерален директор за управување со ризици и член на Управниот одбор на СБ, претседател;
2. Милица Чапаровска-Јовановска, Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на СБ, член;
3. Дејан Крстевски – Директор на Дирекција за кредитирање на мали претпријатија, член;
4. Весна Ненчева - Директор на Секторот за управување со ризици, член.

ВКОМП одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ од ЕУР 100.001 до ЕУР 350.000. ВКОМП, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки од Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

5. <u>Кредитен одбор за мали претпријатија (КОМП):</u> се состои од 4 членови, со неограничено траење на мандатот, и тоа:

1. Милица Чапаровска-Јовановска, Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на СБ, претседател;
2. Дејан Крстевски – Директор на Дирекција за кредитирање на мали претпријатија, член;
3. Драган Михајлов – Заменик директор на Секторот за управување со производи, член;
4. Весна Ненчева - Директор на Секторот за управување со ризици, член.

КОМП одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - правно лице во износ до ЕУР 100.000. КОМП, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно.

Пониски нивоа на одобрување може да се утврдат со одлуки на Надзорниот одбор.

6. <u>Кредитен одбор за население (КОН):</u> се состои од 5 членови, со неограничено траење на мандатот, и тоа:

1. Милица Чапаровска-Јовановска, Генерален директор за банкарство на мало и член на Управниот одбор на СБ, претседател;

2. Драган Михајлов – Заменик директор на Секторот за управување со производи, член;
3. Емилија Стојанова-Ивановска – Директор на Секторот за кредитен ризик од банкарство на мало, член;
4. Татјана Калајџиева – Директор на Секторот за продажба и мрежа на филијали, член;
5. Виолета Затенко - Директор на Дирекцијата за изготвување кредитни предлози за население, член.

КОН одлучува за кредитна изложеност кон поединечен субјект - физичко лице во износ до ЕУР 100.000. КОН, исто така, одобрува реструктурирање на побарувањата и регулирање на побарувањата во согласност со важечките кредитни политики и врши други активности утврдени со одлуки на Надзорниот одбор. Седниците се одржуваат по пат на телеконференција или со писмена согласност, кога е потребно, со кворум од сите членови, а одлуките се донесуваат едногласно. Пониски нивоа на одобрување може да се утврдат со одлука на Надзорниот одбор.

***Кредитните одбори работат во согласност со соодветните кредитни политики усвоени од страна на Надзорниот одбор.

2. Организациска структура

Организациската структура на Банката ги следи најдобрите стандарди и барања од корпоративно управување и е создадена со цел да ги оптимизира бизнис процесите како би станале побрзи, поефтини и посигурни за сите инволвирани заинтересирани страни. Иако организациската структура на Банката е добро дефинирана, сепак таа претставува постојан процес на развој со цел да се изнајде најдобро решение за нас и нашите клиенти.

Според Статутот на СБ, организациската структура на Банката е утврдена со Одлука од страна на Надзорниот одбор, по предлог на менаџментот. Банката е организирана во 21 сектор и мрежа од 65 филијали. Банката нема подружници. Вкупниот број на вработени со датум на известување 31.12.2018 година изнесува 1027.



3. Акционерска структура

Во текот на 2018 година нема значителни промени во акционерската структура: Национална Банка на Грција С.А. - Атина поседува 94,6% од обичните акции, додека 5,4% од акциите се во сопственост на останатите малцински акционери. НБГ се претставени со 5 членови во Надзорниот одбор на СБ, а останатите 2 члена се независни.

Со состојба на 31 декември 2018 година, почетниот капитал (основниот капитал) се состои од 17.460.180 обични акции со номинална вредност од МКД 201,1 по акција и 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од МКД 400,00 по акција. Истите се регистрирани и се водат во Централниот депозитар на хартии од вредност на РМ. Акциите на Банката котираат на официјалниот пазар на Македонската берза, подсегментна законска котација, а кодот под кој тие котираат е: СТБ (обична акција) ИСИН број МКСТБС101014 и СТБ (приоритетна акција) ИСИН број МКСТБС120014.

4. Исплата на дивиденди

По приватизацијата на Стопанска банка во 2000 година, примарна цел на главните акционери беше да се реструктурира Банката во стабилен, солиден и доверлив фактор во економијата, кој ќе биде столб и партнер на клиентите. По долг период на преструктурирање и чистење на загуби од минатото, Банката почна да создава профит, кој се реивенстираше во Банката и се користеше да ја обезбеди нејзината денешна лидерска позиција.

Земајќи го во предвид исполнувањето на сите законски и деловни предуслови, особено од аспект на адекватност на капиталот, во текот на 2018 година Стопанска банка одржа Собрание на акционери (СА) – на 30 мај и на 12 декември. На редовната седница одржана во месец мај, СА одобри исплата на дивиденда за 2017 година во вкупен бруто износ од МКД 2.042.841.060,00 (117 денари по акција) за обичните акции, и дивиденда за приоритетните акции во вкупен бруто износ од МКД 2.274.440,00 (10 денари по акција). На вонредната седница одржана на 12 декември 2018 година, СА одобри исплата на дивиденда за првата половина на 2018 година во вкупен бруто износ од МКД 1.274.593.140,00 (73 денари по акција) и дивиденда за приоритетните акции во вкупен бруто износ од МКД 1.137.220,00, (5 денари за акција).

5. Кодекс на корпоративно управување

Кодексот на корпоративно управување се подготвува во согласност со соодветните регулаторни барања, како и стандардите на НБГ, кои ги инкорпорираат најдобрите маѓународни практики. Собранието на акционери го усвои Кодексот на 20-тата седница одржана на 23 декември 2008 година и оттогаш тој е предмет на редовно ревидирање.

6. Политика на конфликт на интереси

Политиката за разрешување конфликти се утврдува во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ и истата предвидува лицата со посебни права и обврски да дадат писмена изјава за постоењето, доколку има, на конфликт на нивните лични интереси со интересите на СБ, на секои шест месеци. Личните интереси исто така вклучуваат и интереси со поврзани лица со тие лица, според одредбите во Законот за банки. Конфликт помеѓу личните и интересите на Банката постои во услови кога финансиските или од друг вид дејност или фамилијарните интереси на личноста се доведуваат во прашање при донесувањето одлуки, склучувањето договори, или извршувањето други деловни активности. Финансиските, деловните и фамилијарните интереси претпоставуваат генерирање монетарни или друг вид бенефити, директно или индиректно, од страна на тие лица. Истите не присуствуваат на дискусиите при усвојувањето на одлуките, склучувањето на договорите, или извршувањето други деловни активности доколку нивната објективност е доведена во прашање поради постоење на конфликт помеѓу нивните лични интереси и интересите на СБ. Изјава за постоење на конфликт на интереси исто така се дава пред состанок за дискутирање или одобрување одлуки, склучување договори, или извршување друга деловна активност. Писмената изјава се доставува до Надзорниот одбор и Управниот одбор на СБ, со наведување на причините поради кои постои конфликт на интереси помеѓу личните и интересите на СБ.

7. Политика за наградување за 2018 година

На 33-та седница на Собранието на акционери, одржана на 19 јули 2013 година, Стопанска банка усвои Политика за наградување, која е во линија со оперативната политика и бизнис стратегијата на Банката, нејзините вредности, цели и долгорочни интереси. Истата инкорпорира мерки за избегнување или минимизирање на конфликтите на интереси или било какво негативно влијание врз солидното, прудентно и добро управување со ризиците кои ги презема Банката и за превенција на прекумерно преземање на ризици, и придонесува кон заштита на капиталната позиција на Банката.

Во извештајниот период не се извршени позначајни измени на Политиката за наградување.

Во согласност со Законот за трговски друштва и правилата од Одлуката за добро корпоративно управување, подолу е наведено наградувањето во Стопанска банка по групи.

I. Надзорен одбор

а) Претставници на акционерите

Во согласност со Одлуката на Управниот Одбор на НБГ, сите службеници од НБГ С.А. Атина кои учествуваат во Надзорниот Одбор на СБ како претставници на акционерите

не добиваат “надоместок за членство”. Информациите за наградување што го добиваат како вработени во НБГ С.А. Атина се сметаат за доверливи и не може да се објавуваат.

b) Независни членови

Независните членови имаат право на надомест во нето износ од ЕУР 400 на месечна основа за нивно учество во Надзорниот одбор и нето износ од ЕУР 100 (за претседателот) и нето износ од ЕУР 50 (за членовите) по седница за нивно учество во Одборот за наградување.

Врз основа на плата и надоместоци од плата како вработени на Економскиот факултет во рамки на универзитетот Кирил и Методиј - Скопје, проф. Филиповски примил бруто износ од МКД 1.874.372 (годишно), додека пак проф. Ќосев примил бруто износ од МКД 1.928.574 (годишно).

II. Управен Одбор

Во 2018 година, вкупен бруто износ од МКД 32.591.932 (фиксен надомест: МКД 25.627.182; варијабилен надомест: МКД 6.964.750) е исплатен на членовите на Управниот Одбор.

III. Вработени со материјално влијание врз ризичниот профил и профитабилноста на Банката

Вработените кои потпаѓаат во оваа категорија се определуваат во Политиката за наградување на СБ. Оваа категорија го вклучува менаџментот кој е одговорен за материјални бизнис делови, управување со ризици и контролните функциите во Стопанска банка АД – Скопје. Вкупно 18 вработени се вклучени во оваа група.

Во 2018, вкупен бруто износ од МКД 42.971.948 (фиксен надомест: МКД 37.833.956; варијабилен надомест: МКД 4.957.992) е исплатен на 18 вработени со материјално влијание врз ризичниот профил и профитабилноста на Банката.

IV. Други лица со посебни права и одговорности

Други лица со посебни права и одговорности се сметаат секторските директори, замениците секторски директори и директорите за специфични прашања кои не се опфатени во претходната категорија. 18 вработени се вклучени во оваа група.

Во 2018 година, вкупен бруто износ од МКД 35.508.732 (фиксен надомест: 31.885.789; варијабилен надомест: 3.622.943) е исплатен на другите лица со посебни права и одговорности.

*На крајот од 2018 година, вкупната кредитна изложеност кон лицата со посебни права и одговорности изнесува МКД 68.247 илјади што претставува 0,57% од сопствените средства на Банката (значително под регулаторниот лимит од 3% од сопствените средства на Банката по лице со посебни права и одговорности и лицата поврзани со него).

8. Корпоративна општествена одговорност

Водена од значението кое банката го има историски гледано врз економијата, општествениот и културниот раст и развојот на земјата, и во 2018 година Стопанска банка повторно ја поддржа заедницата, создавајќи додадена вредност заедно со избраните групи и остана на врвот на големите компании со активности од корпоративна општествена одговорност.

Банката е горда што востанови и зацврсти две значајни пораки кои ќе се негуваат во иднина – заштита на околината паралелно со здрав начин на живот, со новиот многу популарен и препознатлив "Вози право, вози здраво" настан во Скопје, кој се одржува веќе 4 години по ред; и со кампањата која промовира вклучување на деца со посебни потреби, секако со посебен фокус на децата, која стекна моментум со третото издание на концертите "Сонуваме менуваме.". Овие ексклузивни настани кои Банката ги организира даваат простор за доброволно вклучување на вработените, што е дополнителен бенефит, во помали размери.

Актовностите извршени во текот на 2018 година од аспект на Корпоративна општествена одговорност се презентирани подолу:

- **Вози право, вози здраво, Фаза 4**. Веќе препознатливиот и атрактивен настан за Скопје "Вози право, вози здраво" беше иницран во 2015 година како ексклузивен концепт на Корпоративна општествена одговорност, развиен и организиран од страна на вработените на Банката, кој заврши со донација на Град Скопје – велосипедска патека за децата да ги научат правилата во сообраќајот и безбедно да возат велосипед. Идеата на проектот е да се промовира куптурата на возење велосипед како начин на транспорт за граѓаните на Скопје и на целата земја, како и да се потенцира важноста на здравиот начин на живот.
    - Поради позитивните реакции на пошироката јавност, Банката продолжи со проектот (Фаза 2) во 2016 година, (Фаза 3) во 2017 година и (Фаза 4) во 2018 година со поголем обем – над 5.000 учесници; многу компании се придружија на настанот со нивни сопствени репрезентации, така што финиш линијата на трката се претвори во пикник место. Донацијата од третата и четвртата фаза е велосипедска патека со пумпа за гуми блиску до градскиот

парк Скопје, и станици за поправки на велосипеди во неколку градови во земјата;

- **Сонуваме, Менуваме – настан за деца со посебни потреби.** СОНУВАМЕ.МЕНУВАМЕ е посебен и многу значаен проект од Корпоративна општествена одговорност, главно поради децата кои учествуваат во истиот и помагаат на Банката да го изведе овој настан. СОНУВАМЕ. МЕНУВАМЕ ги потенцира предностите на разновидноста која постои во светот, но исто така укажува и на опциите кои постојат со цел да се создадат еднакви можности за сите.

  Третото издание на настанот беше организирано при Операта и Балетот (МОБ), со два перформанси во два дена, со цел да се допре до пошироката јавност. Главен настап на проектот имаше најпопуларното детско музичко/ театарско шоу 5+, кое во претставата инкорпорираше многу деца од различни здруженија, вклучувајќи ги како изведувачи и презентирајќи ги пред јавноста со темата за Нова Година. Проектот повторно ќе биде реализиран со донација на СБ преку покривање на трошоците на присутните здруженија на деца со посебни потреби, нивните проекти и основните потреби за нивно континуирано работење, како и подобрување на услугите кои тие ги нудат на децата;

- **Спонзорство на вработените на СБ за учество на Годишните банкарски игри.** Секоја година банкарите од земјава се собираат една недела на спортски игри. Стопанска банка успешно учествува на овие игри веќе многу години. Оваа активност го зацврстува тимскиот дух помеѓу вработените, поврзаноста со Банката и секако, ги промовира вредностите на здравиот живот меѓу вработените. Спонзорството го покрива превозот и сместувањето, како и користењето на просториите за тренинг во текот на годината;

- **Поддршка на натпреварот на Микрософт специјалисти 2018.** Натпреварот на Микрософт специјалисти е квалификациски натпревар за учество на светскиот натпревар за Микрософт. Квалификациите на државното првенство се одржаа во просториите на i-bank филијалата на Банката по трет пат. Повторно, сите учесници – финалисти Банката ги награди со трансакциска сметка со симболичен износ од 5.000 денари. Победникот доби поддршка од Банката за патување на финалниот натпревар во Флорида, САД во месец август 2018 година;

- **ТОПСИ Бус –** Во текот на најзагадениот период од годината, Банката, преку промовирање на својот ТОПСИ бренд, исто така промовираше и користење на јавен транспорт. Преку брендирање на станици за автобус и неколку автобуси во Скопје, и интеракција со клиенти преку социјалните медиуми, Банката обезбеди над 200 автобуски карти за своите клиенти, советувајќи ги да користат јавен транспорт во текот на загадениот период, на тој начин штитејќи ја околината.

- **Годишно спонзорство на МОБ (Македонска опера и балет) –** Националната институција Македонска опера и балет одржа значителни премиери и многу важни настани во 2018 година, и важно е да се има Банка како официјален партнер на ваква

институција. Соработката започна со настанот “Сонуваме Менуваме” во 2016 година. Како резултат од спонзорството, вработените на СБ имаат 50% попуст на влезниците за сите претстави и настани во МОБ, што претставува додадена вредност за нив;

- Други помали но значајни **активности од доменот на Корпоративна општествена одговорност на СБ во текот на 2018 година** се:

  - Спонзорство на **Северно-западната трговска комора**
  - Годишно спонзорство на **Економскиот факултет** при Универзитетот “Кирил и Методиј” - Скопје
  - Традиционален спонзор на **Карневалот Струмица**
  - Традиционален спонзор на **Фестивалот Охридско лето**
  - Спонзорство на **Д-фестивал, Дојран**
  - Спонзорство на **Галичка свадба**

Може да се заклучи дека стратегијата од доменот на Корпоративна општествена одговорност на Банката е да се постигне извонредност вон основната активност и на тој начин да се развие внатрешниот потенцијал, да се потпомогне заедницата во деликатните прашања и да се поддржат традиционалните настани од културна важност за различни таргет групи. Сите овие активности го дополнуваат нашето работење во чиј фокус е клиентот, и значително придонесуваат при градењето на имиџот и вредностите на компанијата.